**ФОРМУЛАР**

**ЗА ПРЕДДОГОВОРНИ ИНФОРМАЦИИ (ПОДАТОЦИ) ЗА ПОНУДЕНИТЕ КРЕДИТНИ УСЛОВИ ЗА КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ**

**1. Податоци за кредиторот/кредитниот посредник**

| **ПОДАТОЦИ ЗА КРЕДИТОРОТ** | |
|---|---|
| Колона 1 | Колона 2 |
| Назив на кредиторот | Стопанска банка АД - Скопје |
| Адреса (адреса на која е достапен кредиторот) | 11 Октомври бр. 7, 1000 Скопје Р. Северна Македонија |
| Број на телефон* | 389 2 3 100 109 |
| Електронска пошта | kontaktcentar@stb.com.mk |
| Интернет - страница* | www.stb.com.mk |

**2. Податоци за кредитниот производ**

| Колона 1 | Колона 2 |
|---|---|
| Вид на кредитот | Револвинг кредитен лимит на MasterCard кредитна картичка |
| Вкупен износ на кредитот којшто вклучува:<br>- валута во која е изразена главницата или за која е поврзана главницата<br>- вкупниот износ во денари, за кредитите одобрени во денари | <br><br>кредитниот лимит е во денари (МКД)<br>максимум 300.000 денари при првичното одобрување |
| Услови за искористување на кредитот (како и кога ќе се врши исплатата на средствата врз основа на кредитот) | Кредитниот лимит е на располагање на корисникот преку кредитната картичка картичка. Кредитната картичка може да се користи на сите банкомати, шалтери и продажни места означени со брендот што стои на картичката (Visa или MasterCard). |
| Траење на договорот за потрошувачки кредит | Договорот нема рок на траење |
| Износ на поединечна рата, број на ратите и доколку е применливо редослед на пристигнување на ратите коишто треба да се платат | Износот на месечната рата за плаќање изнесува 3% од потрошениот доспеан дел од кредитниот лимит |
| Посебна сметка на која се евидентираат уплатите и исплатите врз основа на обврските по кредитот | Уплатите и исплатите се вршат на сметката на која е одобрен кредитниот лимит, и која се отвара за потребите на работење со кредитната картичка. |
| Гаранции за кредитот, доколку е применливо (опис на инструментот за обезбедување којшто се бара од потрошувачот за склучување договор кредитна картичка) | Залог на депозит во Стопанска банка АД-Скопје од најмалку % од износот на кредитниот лимит. Клиентот нема дополнителни трошоци за водење на депозитот кој се остава како обезбедување по кредитниот лимит. |

**3. Податоци за трошоци за кредитот**

| **Колона 1** | **Колона 2** |
|---|---|
| Вид на каматна стапка | Променлива каматна стапка. |
| Кредиторот е должен на потрошувачот да му го соопшти видот на каматната стапка и да му даде објаснување што означува таа каматна стапка, како и периодите, условите и процедурите за промена на каматната стапка<br>Кредиторот е должен да го информира потрошувачот дали за промената на каматната стапка е потребна претходна согласност од потрошувачот<br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите наведени информации се наведуваат за секоја каматна стапка | Банката го задржува правото да ја промени стапката на камата и истата се утврдува со акти на Стопанска Банка. Стапката на камата не може да биде повисока од највисоко дозволената со закон стапка на договорната камата.<br>За промена на каматната стапка не е потребна претходна согласност на потрошувачот.<br>Клиентите кои платата ја примаат преку Стопанска Банка добиваат најмалку [1]% попуст на висината на каматната стапка. Попустот важи само за периодот во кој клиентот прима плата на сметка во Стопанска Банка. Процентот на попуст за клиентите кои платата ја земаат преку Стопанска Банка е променлив согласно актите на Банката |
| Висина на каматната стапка на годишна основа на денот на давањето на формуларот<br>Доколку во различни периоди се применуваат различни каматни стапки, сите наведени информации се наведуваат за секоја каматна стапка | 8.55% годишна променлива каматна стапка.<br>Каматната стапка се пресметува во рамки на законски дозволената камата и тоа на следниот начин: (а) референтна стапка на НБРСМ односно висината на каматната стапка на благајничките записи на НБРСМ плус (б) маргина од 8 процентни поени. Клиентите кои платата ја примаат преку Стопанска Банка добиваат најмалку 10% попуст на висината на редовната каматната стапка. Попустот важи само за периодот во кој клиентот прима плата на сметка во Стопанска Банка. Процентот на попуст за клиентите кои платата ја земаат преку Стопанска Банка е променлив согласно актите на Банката.<br>Во случај кога обезбедување за кредитниот лимит е наменска сметка, по избор на клиентот, на средствата на наменската сметка СБ може да пресметува камата по променлива каматна стапки по видување која се формира како одреден процент од референтната каматна стапка за соодветната валута или да применува променлива каматна стапка за соодветната валута каде референтна каматна стапка се формира како процент од каматната стапка за регуларен орочен депозит на 2 години.<br>Референтната каматна стапка за депозитите по видување кои служат како обезбедување за кредит се определува во зависност од валутата на депозитот и тоа на следниот начин: за денарските депозити (МКД) референтна каматна стапка е национална референтна каматна стапка која ја објавува НБРСМ и се дефинира како каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула; за EUR депозитите е 1 месечен EURIBOR; за депозитите USD е 1 месечен SOFR; за депозитите GBP е 1 месечна SONIA + ISDA маргина; за депозитите CHF е 1 месечен SARON + ISDA маргина; за депозитите JPY е 1 месечен TONAR + ISDA маргина; за депозитите CAD е 1 месечен CDOR; за депозитите AUD е 1 месечен BBSW; за депозитите SEK е 1 месечен STIBOR; за депозитите DKK е 1 месечен CIBOR; за депозитите NOK е 1 месечен NIBOR. |
| Годишна стапка на вкупни трошоци (СВТ) и вкупен износ којшто го плаќа потрошувачот (вкупен износ на кредитот, вклучувајќи камата и останати трошоци за кредитот претставени преку репрезентативен пример во кој се наведени сите претпоставки за пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци) | СВТ не се применува за револвинг кредитниот лимит на кредитна картичка. |

| | |
|---|---|
| Други трошоци коишто произлегуваат од договорот за потрошувачки кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат(доколку е применливо)<br>Кредиторот може да го наведе приближниот износ на трошоците, доколку не располага со нивниот точен износ<br><br>Други трошоци коишто произлегуваат од договорот за потрошувачки кредит и условите под кои тие трошоци можат да се променат(доколку е применливо)<br>Кредиторот може да го наведе приближниот износ на трошоците, доколку не располага со нивниот точен износ | - годишна членарина на износ од 1500 МКД<br><br>- повторно издавање на картичка (губење, кражба, оштетување) во висина од 350 МКД;<br><br>- повторно издавање на ПИН кодот во висина од 200 МКД;<br><br>- подигање готовина во мрежата на СБ (банкомати и филијали), 2,5 % од износот натрансакцијата но не помалку од 250 МКД;<br><br>- подигање готовина на банкомати и шалтери на други банки во земјата и во странство во висина од 250 МКД и 2,5 % од износот на трансакцијата<br><br>- предвремено обновување на картичка во рок поголем од 30 дена пред истекот нарокот за кој е издадена картичката во висина од 350 МКД;<br><br>- надминување над износот на одобрениот кредит, камата по каматна стапка од 9.25 % годишно;<br><br>- трошок за печатење и поштенска достава на изводот/месечен преглед во висина од 0 МКД, доколку Корисникот избере и се согласи изводот да му биде доставуван од страна на СБ по пошта<br><br>Корисникот е согласен за сите промени во условите на користењето на кредитниот лимит и условите за работењето со картичката, СБ да го известува преку месечниот преглед. Доколку во рок од 30 (триесет) календарски дена по завршување на кредитниот циклус во кој е извршена промената на условите во работењето, Корисникот не поднесе писмено известување за неприфаќање на промена на условите на користењето на кредитниот лимит и условите за работењето со картичката, се смета дека Корисникот е согласен со новите услови и дека ги прифаќа во целост, во спротивно, Корисникот е должен да ја врати на СБ картичката и веднаш да го плати долгот према СБ по основ на главница, камата и други трошоци. Доколку во текот на отплатата кредитниот лимит , дојде до промена на износот, видот на трошоците и/или воведување на нов/нови трпшок/трошоци, Корисникот истите ги прифаќа и согласен е да биде известен со писмено известување/извод доставено од страна на СБ. |
| Каматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања на годишна основа, услови за нејзина промена<br>Предупредување за последиците од неплаќање на ратитеКаматна стапка применлива во случај на задоцнети плаќања на годишна основа, услови за нејзина промена<br>Предупредување за последиците од неплаќање на ратите | Висината на стапката на законската казнена камата се определува за секое полугодие и тоа во висина на референтната стапка на НБРМ што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени и истата е променлива согласно важечките законски прописи во РСМ и промената на референтната стапка на НБРСМ. Во моментов висината на законската казнена камата е 12%.<br>Доколку Корисникот доцни со плаќање на повеќе од два месечни минимума, СБ има право сите останати вкупни побарувања на СБ (трошоци, камата, главница) кои произлегуваат од договори за потрошувачки кредити и/или договори за дозволено пречекорување на тековна сметка кои Корисникот ги има склучено со СБ, во случаите кога побарувањата на СБ не се обезбедени со залог и/или други инструменти за обезбедување, да ги смета за пристигнати (достасани) во целост и СБ ќе има право да поведе судска постапка за нивна присилна наплата. |

**4. Останато**

| Колона 1 | Колона 2 |
|---|---|
| Право на откажување од договорот за потрошувачки кредит<br>(Имате право да се откажете од договорот за потрошувачки кредит во рок од 14 дена, од денот на склучувањето на договорот или денот кога сте ги добиле информациите и условите од договорот) | Корисникот има право еднострано да го раскине овој договор, во секое време, за што должен е да поднесе писмено барање за раскинување на договорот.<br>Во случај Корисникот да го раскине овој договор, СБ има право износот од целокупниот искористен кредитен лимит да го смета за пристигнат (достасан) и да бара од Корисникот наплата на истиот заедно со износот за пресметани трошоци, камати и провизии. |
| Надомест на кредиторот во случај на предвремена отплата и начин на негово одредување<br>(Имате право на целосна или делумна предвремена отплата на кредитот, а кредиторот е должен да ви ја соопшти висината на надоместокот определена согласно со членот 16 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредит) | Клиентот има право во секое време да изврши целосна или делумна отплата на кредитот без никаков надомест. |
| Раскинување на договорот за потрошувачки кредит<br><br>(Кредиторот е должен да ви ги соопшти правото, постапката и условите за раскинување на договорот за потрошувачки кредит) | Корисникот има право еднострано да го раскине овој договор, во секое време, за што должен е да поднесе писмено барање за раскинување на договорот.<br>Во случај Корисникот да го раскине овој договор, СБ има право износот од целокупниот искористен кредитен лимит да го смета за пристигнат (достасан) и да бара од Корисникот наплата на истиот заедно со износот за пресметани трошоци, камати и провизии.Корисникот има право еднострано да го раскине овој договор, во секое време, за што должен е да поднесе писмено барање за раскинување на договорот.<br>Во случај Корисникот да го раскине овој договор, СБ има право износот од целокупниот искористен кредитен лимит да го смета за пристигнат (достасан) и да бара од Корисникот наплата на истиот заедно со износот за пресметани трошоци, камати и провизии. |
| Ако по поднесеното барање за кредит, барањето се одбие заради добиените информации од бази на податоци, имате право, кредиторот, односно кредитниот посредник веднаш и бесплатно да ве информира за тие иформации и за начинот на кој ги прибавил информациите. Овие информации се даваат во сите случаи, освен ако давањето на информациите е забрането со закон. | Во случај кредитното барање да биде одбиено, клиентот има право да побара и добие бесплатна информација за причината за одбивање доколку кредитното барање е одбиено врз основа на информации од базата на податоци за клиентот. |
| Право на бесплатна копија од нацрт- договорот за потрошувачки кредит<br>(Имате право, на ваше барање, бесплатно да добиете копија од нацртдоговорот за потрошувачки кредит. Нема да се достави нацрт-договор доколку кредиторот/ кредитниот посредник во времето на поднесувањето на барањето не сака да пристапи кон склучување на договорот за потрошувачки кредит). | Имате право, на ваше барање, бесплатно да добиете копија од нацрт-договорот за потрошувачки кредит. |

| | |
|---|---|
| Институција надлежна за надзор на Банката | НБРСМ |
| Рок во кој кредиторот, односно кредитниот посредник е обврзан со преддоговорните информации, доколку е применливо | Денот на издавањето/предавањето на формуларот |

Дата на изготвување/предавање на формуларот:

Износот на кредитот и кредитните услови наведени во Формуларот не значат обврска за СБ дека на клиентот ќе му го одобри/исплати износот наведен во формуларот. Висинат на кредитниот лимит зависи од кредитоспособноста на клиентот по извршената кредитна анализа. Податоците се од информативен карактер и може да послужат за споредба на потребните информации за производите и услугите достапни на пазарот.